# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** **Бр. 10 год.21**

**Општина Чучер - Сандево, ноември 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Среда** | **Бр. 10** |
| **по потреба** | **28 ноември 2018 година** | **Год. 21** |


# 57.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавуваат **Одлука за измена и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **13-та** седница, одржана на **27 ноември 2018** година.

**Бр.09-1259/1** — **Општина Чучер-Сандево**
**28.11.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Р.М.„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М.„ бр.5/02) и член 23 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево„ бр.2/03), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Чучер-Сандево на **13-та** седница, одржана на ден **27.11.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево**

**Член 1**

Во Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево бр.08-854/3

(„Службен гласник на Општина Чучер-Сандево„ бр.7/2016) и Одлуката за измена и дополнување на одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинаската администрација на Општина Чучер-Сандево бр.08-327/7 („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево„ бр.3/2017), во членот 6 по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи:

„ 2. Одделение за управување со човечки ресурси„

Точките 2, 3, 4, 5 и 6, стануваат точки 3, 4, 5, 6 и 7.

**Член 2**

По членот 7, се додава нов член 8, кој гласи:

„ **Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши работите што се однесуваат на:

- Подготвување и предлагање на план за работа на одделението;
- Координирање и насочување на активностите во врска со вработувањето и мобилноста, оценувањето, стручното оспособување и усовршување на административните службеници, мотивацијата и подобрувањето на квалитетот на меѓучовеките односи, правата, должностите и одговорностите на административните службеници;
- Предлагање и развивање политики и стратешки документи за управување со човечки ресурси во општината;
- Членување во комисијата за селекција и вработување на административен службеник;
- Следење на прописите, стандардите, прирачниците и упатствата кои се од значење за одделението;
- Подготвување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, Правилникот за систематизација на работните места во општиската администрација, како и за измената и доплнувањето на овие акти;
- Спроведување на законските подзаконските прописи за административните службеници;
- Подготвување на годишната програма за обука на административните службеници;
- Спроведување на одредбите од општите прописи за работни односи и посебните прописи со кои се регулира статусот на одредени категории вработени во општината без статус на административни службеници, во однос на нивното вработување, распоредување, плата, одмори и други прашања;
- Давање на предлози за унапредување, модернизација и зголемување на ефикасноста на организацијата на општинската администрација;
- Подготвување на функционална анализа на работните места.„

Членовите 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20, стануваат членови: 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево„ а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.08-1220/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.11.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 58.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ “УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ“**

Се објавуваат **Одлука за определување на приоритетен проект за користење на грант во рамките на проектот “Унапредување на општинското владеење“**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **13-та** седница, одржана на **27 ноември 2018** година.

**Бр.09-1259/2** — **Општина Чучер-Сандево**
**28.11.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во смисла на член 11 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002) и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на Општина Чучер Сандево на **13-та** седница, одржана на **27.11.2018** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ”**

**Член 1**

Со оваа Одлука како приоритетен проект за користење на грант во рамки на проектот “Унапредување на општинското владеење” се утврдува проектот “Реконструкција на училишна спортска сала на ОУ “Св.Кирил и Методиј” во с.Кучевиште, на КП 1587 КО Кучевиште, Општина Чучер-Сандево”.

**Член 2**

Средствата за реализација на овој проект во висина од 26.000 евра ќе се обезбедат од Програмата за развој на ОН-УНДП во рамки на проектот “Унапредување на општинското владеење”.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да ги превземе сите дејствија во врска со аплицирање за користење на средства обезбедени со грантот во рамки на проектот “Унапредување на општинското владеење”.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1220/4**
**27.11.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 59.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 1464 КО ГОРЊАНИ**

Се објавуваат **Одлука донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вколопување на бесправен објект изграден на КП 1464 КО Горњани**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **13-та** седница, одржана на **27 ноември 2018** година.

**Бр.09-1259/3**
**28.11.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл.весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15),, Советот на Општина Чучер-Сандево на **13-та** седница одржана на **27.11.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 1464 КО ГОРЊАНИ**

### Член 1

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.09-2258 од 31.08.2011 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправниот објект, А4-времено сместување, кој се наоѓа на КП 865/1, КП 864/3 и КП 1464 КО Горњани.

Согласно Општиот акт за с.Горњани, КП 1464 КО Горњани на које е изграден дел од објектот (3м$^2$) е во зона Е-инфраструктура, земјиште сопственост на Република Македонија.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1220/5**
**27.11.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 60.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 2172/1 КО БАЊАНИ**

Се објавуваат **Одлука донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вколопување на бесправен објект изграден на КП 2172/1 КО Бањани**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **13-та** седница, одржана на **27 ноември 2018** година.

**Бр.09-1259/4**
**28.11.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл.весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15),, Советот на Општина Чучер-Сандево на **13-та** седница одржана на **27..11.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 2172/1 КО БАЊАНИ**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.09-1982 од 29.08.2011 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправниот објект, А1-1-стамбени куќи со дворови самостојни, кој се наоѓа на КП 1724, и КП 2172/1 КО Бањани.

Согласно Општиот акт за с.Бањани, КП 2172/1 КО Бањани на које е изграден дел од објектот (4$м^2$) е во зона Е-инфраструктура, земјиште сопственост на Република Македонија.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1220/6**
**27.11.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# **С О Д Р Ж И Н А**

**стр**

**57.** **Одлука за измена и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево........................................................................ 1**

**58.** **Одлука за определување на приоритетен проект за користење на грант во рамките на проектот “Унапредување на општинското владеење“........................................... 3**

**59.** **Одлука донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вколопување на бесправен објект изграден на КП 1464 КО Горњани........................................................................ 4**

**60.** **Одлука донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вколопување на бесправен објект изграден на КП 2172/1 КО Бањани...................................................................... 5**